**Известување за концентрација со која Арикома Дигитал с.р.о. Република Чешка ќе стекна контрола над одреден имот на Евиден Чешка Република с.р.о., Република Чешка**

**(предмет бр. 08-152/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 22.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Групацијата ККЦГ, преку нејзиното зависно друштво Арикома Дигитал с.р.о. (Aricoma Digital s.r.o.) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка, има намера да стекне целосна индиректна контрола над одреден имот на Евиден Чешка Република с.р.о., (Eviden Czech Republic s.r.o) со седиште на Прага 4 – Нусле, Доудлебска 1699/5, Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Арикома Дигитал с.р.о. е дел од Групацијата Арикома и се фокусира на дигитализација на владините услуги, при што го применува своето знаење за процесите и законодавството, како и најновите знаења од областа на развој на софтвер, сајбер безбедност, заштита на податоци или вештачка интелигенција. Арикома припаѓа на Групацијата ККЦГ.

Групацијата ККЦГ инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, Групацијата ККЦГ е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата се однесува на стекнување на целосна контрола над одреден имот на Евиден Чешка Република с.р.о., (Eviden Czech Republic s.r.o) со седиште на Прага 4 – Нусле, Доудлебска 1699/5 (Praha 4 - Nusle, Doudlebská 1699/5), поштенски број 140 00 чија приоритетна дејност е ИТ услуги, сложени услуги од сајбер безбедност и клауд услуги.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на ИТ услуги во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.11.2025 година

Скопје